1)Во колоната за „Класа" се внесува нумеричка ознака за класа согласно НКД за дејноста од која субјектот остварува приход.
2)Во колоната „Назив" се внесува описно називот на дејноста според НКД од која субјектот остварува приход.
3)Во колоната „Остварени приходи" се внесува износот на остварени приходи по дејности.

РЕГИСТРИРАНА ПРЕТЕЖНА ДЕЈНОСТ (Со назначување на шифра и назив на класа на дејноста утврдена со НКД)

| 8 | 8 | 9 | 9 |
|---|---|---|---|

ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ ПРЕТЕЖНО ОД Останати дејности на социјална заштита без сместување, неспоменати на друго место ДЕЈНОСТ-

| 8 | 8 | 9 | 9 |
|---|---|---|---|

(Со назначување на шифра и назив на класа на дејноста утврдена со НКД)

Лице одговорно за составување на образецот:

Име и презиме Ана Икономова , Уверение бр.0104603 од 01.11.2016 год (ИСОС)

Потпис ____________________

Во Скопје

На ден 27.02.2020

М.П.

Име и презиме на законскиот застапник

Драги Змијанац

Потпис ____________________

* За трговските друштва не е задолжителна употреба на официјалниот печат согласно Законот за трговските друштва.

Образец „ДЕ“

| | | | |
|---|---|---|---|
| Период | | Контролор | |

| Вид работа | Идентификационен број (ЕМБС) | Резервни кодекси |
|---|---|---|
| | 0 4 3 7 7 2 4 9 | |

Назив на непрофитната организација ОРГАНИЗАЦИЈА **Здружение ПДАС Меѓаши Р.Македонија, Скопје**
Адреса, седиште и телефон СЕДИШТЕ **ул.Коста Новаковиќ бр.22А Скопје тел.02/2465-316**
Адреса за е-пошта **info@childrensembassy.org.mk**
Единствен даночен број **4030995179890**

Прва детска амбасада во светот Меѓаши Република Македонија бр. 0505/84 27.02.2020 год. СКОПЈЕ

**ПОСЕБНИ ПОДАТОЦИ**

за државна евиденција за непрофитните организации

(во денари)

| Ред. бр. | Група на сметки, сметка д=дел | Позиција | Ознака на АОП | Износ Претходна година | Износ Тековна година |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| | | **А.НЕМАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА** | | | |
| | | Набавна вредност на основачки издатоци | 601 | | |
| | 009д | Ревалоризација на основачки издатоци | 602 | | |
| | 028д | Исправка на вредноста на основачки издатоци | 603 | | |
| | | Сегашна вредност на основачки издатоци (< или = АОП 002 од БС) | 604 | | |
| | | Набавна вредност на издатоци за истражување и развој | 605 | | |
| | | Плата и надоместоци на плата на вработените кои директно работат на истражување и развој | 606 | | |
| | | Т р | 607 | | |
| | | Амортизација на недвижности, постројки и опрема користени при истражувања и развој | 608 | | |
| Ред. бр. | Група на сметки, сметка д=дел | Позиција | Ознака на АОП | Износ Претходна | Тековна |

1 Трошоци за суровини и материјал, трошоци за енергија, трошоци за ситен инвентар, трошоци за амбалажа, трошоци за резервни делови и материјали за одржување на објектите и опремата, интелектуални услуги и други услуги кои се услов за истражувањето и развојот за сопствени цели.

| | | | | година | година |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| | | Амортизација на патенти и лиценци користени при истражувања и развој | 609 | | |
| | 009д | Ревалоризација на издатоци за истражување и развој | 610 | | |
| | 028д | Исправка на вредноста на издатоци за истражување и развој | 611 | | |
| | | Сегашна вредност на издатоци за истражувања и развој (< или = АОП 002 од БС) | 612 | | |
| | 002д | Набавна вредност на патенти, лиценци, концесии, заштитни знаци и останати слични добра | 613 | | |
| | 009д | Ревалоризација на патенти, лиценци, концесии, заштитни знаци и останати слични добра | 614 | | |
| | 028д | Исправка на вредност на патенти, лиценци, концесии, заштитни знаци и останати слични добра | 615 | | |
| | | Сегашна вредност на патенти, лиценци, концесии, заштитни знаци и останати слични добра (< или = АОП 002 од БС) | 616 | | |
| | 002д | Набавна вредност на софтвер со лиценца | 617 | 21896 | 77231 |
| | 009д | Ревалоризација на софтвер со лиценца | 618 | | 241 |
| | 028д | Исправка на вредност на софтвер со лиценца | 619 | 21896 | 22137 |
| | | Сегашна вредност на софтвер со лиценца (< или = АОП 002 од БС) | 620 | | 55335 |
| | 002д | Набавна вредност на компјутерски софтвер развиен за сопствена употреба | 621 | | |
| | 009д | Ревалоризација на компјутерски софтвер развиен за сопствена употреба | 622 | | |
| | 028д | Исправка на вредност на компјутерски софтвер развиен за сопствена употреба | 623 | | |
| | | Сегашна вредност на компјутерски софтвер развиен за сопствена употреба (< или = АОП 002 од БС) | 624 | | |

| Ред. бр. | Група на сметки, сметка д=дел | Позиција | Ознака на АОП | Износ | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Претходна година | Тековна година |
| | | | | | |
| | 002д | Набавна вредност на набавени бази на податоци | 625 | | |

| Ред. бр. | Група на сметки, сметка д=дел | Позиција | Ознака на АОП | Износ Претходна година | Износ Тековна година |
|---|---|---|---|---|---|
| | 009д | Ревалоризација на набавени бази на податоци | 626 | | |
| | 028д | Исправка на вредност на набавени бази на податоци | 627 | | |
| | | Сегашна вредност на набавени бази на податоци (< или = АОП 002 од БС) | 628 | | |
| | 002д | Набавна вредност на бази на податоци развиени за сопствена употреба | 629 | | |
| | 009д | Ревалоризација на бази на податоци развиени за сопствена употреба | 630 | | |
| | 028д | Исправка на вредност на бази на податоци развиени за сопствена употреба | 631 | | |
| | | Сегашна вредност на бази на податоци развиени за сопствена употреба (< или = АОП 002 од БС) | 632 | | |
| | | Набавна вредност на останат нематеријален имот | 633 | | |
| | 009д | Ревалоризација на останат нематеријален имот | 634 | | |
| | 028д | Исправка на вредност на останат нематеријален имот | 635 | | |
| | | Сегашна вредност на останат нематеријален имот (< или = АОП 002 од БС) | 636 | | |
| | 010д | Земјишта | 637 | | |
| | 019д | Ревалоризација на земјишта | 638 | | |
| | | Сегашна вредност на земјишта (< или = АОП 004 од БС) | 639 | | |
| | | **Б.МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА** | | | |
| | 010д | Шуми | 640 | | |
| | 019д | Ревалоризација на шуми | 641 | | |
| | | Сегашна вредност на шуми (< или = АОП 004 од БС) | 642 | | |
| | | Набавна вредност на превозни средства | 643 | 1276727 | 1276727 |
| | 019д | Ревалоризација на превозни средства | 644 | | 14044 |
| | 029д | Исправка на вредност на превозни средства | 645 | 1147481 | 1290771 |
| | | | | | |
| | | Сегашна вредност на превозни средства (< или = АОП 007 од БС) | 646 | 129246 | - |
| | 013д и 014д | Набавна вредност на информациска и | 647 | 143628 | 53354 |

| Ред. бр. | Група на сметки, сметка д=дел | Позиција | Ознака на АОП | Износ | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Претходна година | Тековна година |
| | | 2 | | | |
| | 019д | Ревалоризација на информациска и телекомуникациска опрема | 648 | | 587 |
| | 029д | Исправка на вредност на информациска и телекомуникациска опрема | 649 | 107084 | 52830 |
| | | Сегашна вредност на информациска и телекомуникациска опрема (< или = АОП 006 од БС) | 650 | 36544 | 1111 |
| | 014д | Набавна вредност на к | 651 | 696864 | 934634 |
| | 019д | Ревалоризација на компјутерска опрема | 652 | | 7341 |
| | 029д | Исправка на вредност на компјутерска опрема | 653 | 558979 | 575024 |
| | | Сегашна вредност на компјутерска опрема (< или = АОП 006 од БС) | 654 | 137885 | 366951 |
| | 017д | Набавна вредност на повеќегодишни насади | 655 | | |
| | 019д | Ревалоризација на повеќегодишни насади | 656 | | |
| | 029д | Исправка на вредност на повеќегодишни насади | 657 | | |
| | | Сегашна вредност на повеќегодишни насади (< или = АОП 007 од БС) | 658 | | |
| | 017д | Набавна вредност на основно стадо | 659 | | |
| | 019д | Ревалоризација на основно стадо | 660 | | |
| | 029д | Исправка на вредност на основно стадо | 661 | | |
| | | Сегашна вредност на основно стадо (< или = АОП 007 од БС) | 662 | | |
| | | Книги, уметнички дела, споменици на култура | 663 | | |
| | | | | | |
| | | Драгоцени метали и камења | 664 | | |
| | | Антиквитети и други уметнички дела | 665 | | |
| | | Други скапоцености | 666 | | |
| | | **В. РАСХОДИ** | | | |

2 Уреди со електронска контрола, како и електронски компоненти кои претставуваат дел од овие уреди (радио, телевизиска и комуникациона опрема и апарати).

3 Хардвер и периферни единици, машини за обработка на податоци, печатари, скенери и слично.

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | **I.Материјални расходи** | | | |
| | 407д | Набавна вредност на продадени материјали и делови (< или = на АОП 208 од БПР) | 667 | | |
| | 407д | Набавна вредност на продадените трговски стоки (< или = на АОП 208 од БПР) | 668 | 16838 | 51370 |
| | 408д | Наемнини на земјиште (< или = на АОП 209 од БПР) | 669 | | |
| | | **II. Други расходи** | | | |
| | 414д | Отпремнини за пензија (< или = на АОП 216 од БПР) | 670 | | |
| | 414д | Подароци за деца (< или = на АОП 216 од БПР) | 671 | | |
| | 414д | Помош за семејствата на вработените (< или = на АОП 216 од БПР) | 672 | | |
| | 414д | Помош за вработените (< или = на АОП 216 од БПР) | 673 | | |
| | 414д | Јубилејни награди (< или = на АОП 216 од БПР) | 674 | | |
| | 417д | Издатоци за авторски хонорари (< или = на АОП 219 од БПР) | 675 | 1513213 | 1078371 |
| | 417д | Издатоци за повремени и привремени работи (< или = на АОП 219 од БПР) | 676 | 1159189 | 922747 |
| | | I I | | | |
| | 450д | Помошти, донации и други давања на субјектите во добра и услуги (< или = на АОП 227 од БПР) | 677 | | |
| | 451д | Надомести и помошти на физичките лица во добра и услуги (< или = на АОП 228 од БПР) | 678 | | |
| | 455д | Други помошти и давања во добра и услуги (< или = на АОП 229 од БПР) | 679 | | |
| | | **IV. Плати и надомест на плати** | | | |
| | 460д | Плати (< или = на АОП 231 од БПР) | 680 | 4097666 | 5746105 |
| Ред. бр. | Група на сметки, сметка д=дел | Позиција | Ознака на АОП | Износ Претходна година | Износ Тековна година |
| | | | | | |
| | 460д | Придонеси на плати (< или = на АОП 231 од БПР) | 681 | 1652225 | 1580085 |
| | 460д | Даноци на плати (< или = на АОП 231 од БПР) | 682 | 370029 | 339654 |
| | 461д | Надомести на плати (< или = на АОП 232 од БПР) | 683 | | |
| | 461д | Даноци на надомести (< или = на АОП 232 од БПР) | 684 | | |
| | 461д | Придонеси на надомести (< или = на АОП 232 од БПР) | 685 | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | **Г. ПРИХОДИ** | | | |
| | | Приходи од камати (< или = на АОП 243 од БПР) | 686 | 254 | 56 |
| | | Приходи од позитивни курсни разлики (< или = на АОП 243 од БПР) | 687 | 658 | - |
| | 730д | Приходи од членарини (< или = на АОП 244 од БПР) | 688 | | |
| | 730д | Приходи од придонеси (< или = на АОП 244 од БПР) | 689 | | |
| | 730д | Приходи од подароци (< или = на АОП 244 од БПР) | 690 | | |
| | 730д | Приходи од донации (< или = на АОП 244 од БПР) | 691 | 818741 | 1048054 |
| | | Приходи од други извори (< или = на АОП 244 од БПР) | 692 | 11481773 | 12591733 |
| | 750д | Приходи од изработка на основни средства во сопствена режија (< или = на АОП 246 од БПР) | 693 | | |
| | 750д | Приходи од изработка на делови и ситен инвентар во сопствена режија (< или = на АОП 246 од БПР) | 694 | | |
| | | **Д. ПОСЕБНИ ПОДАТОЦИ** | | | |
| 9. | | Просечен број на вработени врз основа на состојбата на крајот на месецот | | 8 | 8 |

Во ___Скопје

Лице одговорно за составување на образецот

Одговорно лице на непрофитната организација

М.П.

На ден 27.02.2020

ПРВА ДЕТСКА АМБ... СКОПЈЕ * РЕПУБЛИКА МАК...

Датум и печат на прием во ЦРМ ______________________________

Контролата ја извршиле:

**Додаток 2**

## Годишен извештај за 2019 година

*Прва детска амбасада во светот Меѓаши – Република Македонија*

Ул. Коста Новаковиќ, 22а, Скопје
Тел/факс + 389 (0)2465 316
info@childrensembassy.org.mk
www.childrensembassy.org.mk

**Завршен годишен извештај за 2019 година**

**Спроведени активности**

**СОДРЖИНА**


1. **СЕРВИСИ ЗА ДИРЕКТНА ПОМОШ И ПОДДРШКА НА ДЕЦА ВО РИЗИК**
   **1.1 СОС телефон за деца и млади 2465-316**
   **1.2 Сервис за материјална помош на социјално загрозени семејства**
2. **ПРОГРАМА ЗА МИРОВНО ОБРАЗОВАНИЕ**
3. **ПРОГРАМА "ЈАКНЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА ДЕЦАТА ЗА ПРЕВЕНЦИЈА ОД НАСИЛСТВОТО"**
4. **ИМПЛЕМЕНТИРАЊЕ НА КОНВЕНЦИЈАТА НА ДЕТСКИТЕ ПРАВА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
5. **ЦИВИКА МОБИЛИТАС – ИНСТИТУЦИОНАЛЕН ГРАНТ**
6. **ПРОЕКТ „Креирање и имплементирање на развојна внатрешна организациска структура и оптимизација на интерните процеси и процедури за успешно работење“**
7. **ПРОЕКТ „ ДА ГИ ЗЕМЕМЕ ПРАВАТА ВО НАШИТЕ РАЦЕ!“**
8. **АКТИВНОСТИ ЗА ПРИБИРАЊЕ СРЕДСТВА**

## 1. ДИРЕКТНА ПОДДРШКА НА ДЕЦАТА ВО РИЗИК

- Телефонска линија за помош СОС за деца и млади 2465-316
- Материјали и средства за поддршка на социјално загрозени семејства

### 1.1 SOS телефонска линија за помош на деца и младинци 2465-316

**Траење**: во континуитет

**Генерални согледувања за работата на СОС телефонот за деца и млади во текот на 2019 година**

Во периодот од декември 2018 до крај на ноември 2019 на СОС телефонот за деца и млади се регистрирани **113 случаи**[1], со кои подоцна дополнително сме комуницирале вкупно, вклучувајќи го и првичниот контакт, **185 пати**. Дополнителната комуникација е со цел да ги информираме дојавувачите какви мерки се преземени од наша страна, кои се одговорите од надлежните институции, како и нивните известувања до нас за сите настанати промени во пријавениот случај.

Во графиконот 1 подолу дадена е временската дистрибуираност на јавувањата од декември 2018 г. до крајот на ноември 2019 г., по месеци.

Графикон 1. Зачестеност на јавувања по месеци




Како што се гледа од временската линија прикажана на графиконот 1, повеќе од половината од дојавите се случиле во периодот септември до ноември 2019 година, при што најголем број (34%) дојави се во месец септември 2019 година. Ова

[1] Дојавувањето се остварува преку директно јавување на фиксниот телефон на Детската амбасада Меѓаши 02/ 246 5316 преку е-маил sos@childrensembassy.org.mk, преку социјалните мрежи и со директна посета во нашите простории.

се должи на фактот што во септември скоро сите од дојавите се однесуваа на проблеми при запишување на децата во прво одделение како резултат на немањето потврда за примена една од задолжителните вакцини (МРП) при поднесувањето документи за упис. Повеќе информации се дадени во извештајот подолу.

Во извештајниот период, комуникацијата со дојавувачите во најголем број беше остварена преку административниот (фиксен) број на Детската амбасада Меѓаши, поточно реализирани се 48 разговори. Од податоците можеме да забележиме дека граѓани/граѓанките упатуваат и електронски дојави до нас преку e-mail или преку социјалните мрежи како што е Facebook – вкупно имаме добиено 43 дојави/случаи на еден од овие начини. Комуникацијата со дојавувачите се одвиваше и преку директна посета во Детската амбасада Меѓаши при што дојавувачите беа советувани. Беа реализирани 22 директни посети во просториите на Меѓаши.

Дополнително, врз основа на експертската анализа на работата на СОС телефонот и врз основа на препораките што се дел од анализата, Меѓаши во наредниот период ќе преземе и други мерки за доближување на оваа услуга директно до децата, користејќи други канали за комуникација што се покажаа посоодветни за децата и младите.

Врз основа на информациите што ги имаме добиено за можни прекршувања на детските права и кои се структурирани според **бројот на деца кои се опфатени во овие случаи,** станува збор за вкупен број од **228**[2] деца.. Податоците говорат дека најголем број дојави се однесуваат на барање на финансиска и материјална помош, а веднаш потоа се пријавите за прекршувањата на правата на детето при бракоразводна постапка, што е еден од најголемите проблеми со кои се соочуваат децата и нивните семејства, потоа проблеми при запишување во прво одделение заради нецелосен вакцинален статус (Одлуката на Владата за задолжително примање на МРП вакцината заради прогласувањето на епидемија од морбили), семејно насилство, врсничко насилство. Проблемот со видување на детето со двајцата родители при бракоразводна постапка останува како горлив проблем како и минатата извештајна година. Оваа година Детската амбасада Меѓаши со поддршка на Иницијативата за заедничко родителство после развод беше еден од иницијаторите на јавната расправа на собраниската Комисија за труд и социјална политика за законски измени на Законот за семејство. Целта е да се помогне во создавањето систем кој ќе ги штити децата кои треба да престанат да се користат како инструмент за меѓусебна пресметка меѓу родителите на сметка на занемарувањето на една од главните обврски на разведените родители – грижата за детето.

Од добиените податоци доаѓаме до заклучок дека за периодот на известување од декември 2018 до ноември 2019, за дојавувачите, за жал, повторно, сиромаштијата е еден од главните проблеми со кои децата се соочуваат. Воедно, скратена им е можноста и правото да се образуваат и да имаат удобен живот како нивните врсници.

---

[2] Овој број не ги опфаќа децата кои се предмет на дојави од група родители бидејќи не е познат бројот на деца коишто се опфатени со дојавата од групата родители – едно или повеќе одделенија на пример.

Проблемите кои произлегуваат се прекршени права на децата за видување со едниот родител или пак прекршени права на децата за видување со своите баба или дедо. Децата во овие случаи стануваат жртви на неможноста нивните родители да се спогодат, односно стануваат жртви на недостатокот на комуникација кој се јавува помеѓу нивните родители кои се во процес на разведување или веќе се развеле. Неможноста за видување со еден од родителите е во форма на нередовност на гледањата на детето со родителот, при што е настанат проблем во комуникацијата на двата родитела и може да доведе отуѓување од едниот родител. Со неможноста на детето да се гледа со едниот родител детето се лишува од правото да расте и да се развива здраво и со двајцата родители.

Потребно е децата да се чувствуваат разбрано, прифатено и најважно од сѐ заштитено. Неопходно е да знаат и да чувствуваат дека за нив некој се грижи; нивните родители, старатели, пошироко семејство, системот и државата.

Како еден вид превентива на сите проблеми и можни прекршувања на детски права е односнот родител-дете или старател-дете. Родителите/старателите треба да се во постојана комуникација со своите деца, активно да ги слушаат и да им веруваат. Потребно е да се интересираат како децата вистински се чувствувуваат со цел да им покажат грижа и со тоа да ги подготват како самите да се заштитат во средина, односно кај нив да негуваат капацитети на самозаштита.

Со цел намалување и превенција на агресијата и насилството потребна е сензибилизација на родителите (возрасните) и децата за начините на меѓусебна комуникација, стекнување на вештини за ненасилна трансформација на конфликтите, развивање на вештини за меѓусебно разбирање, емпатичност и воведување на мировно образование во училиштата.

## Препораки поттикнати од досегашната работа на СОС телефонот за деца и млади за координирана соработка на сите засегнати страни

Од досегашната работа, сметаме дека е потребна потесна и координарана сорабока и заедничка акција на сите инволвирани страни до кои се обраќаат граѓани/граѓанките а поврзани со прекршување на правата на детето. Целта на таа соработка е подигнување на свеста на граѓани/граѓанките за нивните права, обврски и одговорност кон заштита на правата на детето, преку различни канали – медиумски настапи, кампањи, информативни средби со родители и старатели на деца итн.

Бидејќи, СОС линијата на Меѓаши е дел од глобалната мрежа на линии за помош на деца и млади (Child Helpline International), пожелно е бројот на СОС телефонот за деца и млади на Меѓаши да се хармонизира со европскиот број 116111 и

да биде достапен бесплатно од сите мобилни и фиксни оператори. За ова е неопходна поддршка од некој од операторите во Македонија.

### 1.2. Услуги за материјална помош на социјално загрозени семејства

- Набавка на храна – храна за деца се набавува преку донации од компаниите од бизнис секторот и од други донатори и проекти.
- Собирање, селектирање и дистрибуирање на облека и чевли

Првата детска амбасада Међаши продолжува да прифаќа, селектира и дистрибуира донирана облека од граѓаните. Голем број на граѓани донираат носена облека, чевли и останати потребни сочувани работи во просториите на Међаши. Децата и нивните родители, кои што имаат потреба од ваков вид на помош можат да дојдат секој работен ден во периодот од 08:00 до 15:00 часот и да си подигнат тоа што им е потребно.

## 2. ПРОГРАМА ЗА МИРОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

**Назив на проектот/програмата:** Програма за Мировно Образование

**Цел на проектот/програмата:** Проектот има за цел промовирајќи ги мирот и ненасилството како основни вредности во воспитно-образовниот систем да укаже на потребата од поинтензивно вградување на мировното образование (МО) во наставните курикулуми.

**Целна група:** проектот најпрво се спроведуваше во 3 средни училишта во Скопје: гимназија: "Никола Карев", ГУЦ "Здравко Цветковски" и ДСМУ "Д-р Панче Караѓозов". Во текот на 2013 – 2016 ја проширивме оваа програма во нови средни училишта во/и надвор од Скопје, во Виница СОУ "Ванчо Прке", Скопје СУГС „Владо Тасевски„ СУГС „Арсени Јовков„ и СУГСГИМ "Зеф Љуш Марку" како и во средните училишта ЦСНО „Здравко Чочковски" – Дебар, СОУ Гимназија „Кочо Рацин„ – Велес, СОУ Гимназија „Гостивар„ – Гостивар, како и средното училиште ,,Шаип Јусуф" од Скопје.

**Времетраење на проектот/програмата:** 2011-2021 година.

**Донатор:** Германското федерално министерство за економска соработка и развој.
**Партнерска организација:** KURVE WUSTROW

**Активности спроведени во 2019 година:**

Во периодот за кој се однесува извештајот беа спроведени 5 тренинзи.

1. Застапување за детски права

Обука „Застапување за детски права“ беше спроведена за директори и стручни служби од основните училишта во општина Чаир и претставници од општината Чаир.

Тема опфатена на оваа обука беа тимска работа, предрасуди, дискриминација, запознавање со правата на децата и принципите на правата на децата, застапување за правата на децата, мировно образование и др.

2. Прва мировна средба
   Првата мировна средба беше спроведена со цел да се соберат наставниците вклучени во Програмата за мировно образование со цел да се охрабрат и оснажат едни со други за градење на мирот и процесот на едукација на мирот, но и да им се даде признание на наставниците за нивната посветеност и работа. ПДАС Меѓаши- програмата за мировно образование потпиша меморандум за соработка со МОН, и на наставниците вклучени во пилот-програмата за мировно образование во соработка со МОН за 2019 година им беа доделени сертификати потпишани од МОН и Меѓаши.
   Околу 70 учесници, обучувачи, претставници од МОН, вклучувајќи го и заменик министерот за образование и наука, беа меѓу учесниците на првата мировна средба.

3. Обука „Работна средба за Мировно образование и градење на мир“
   На предлог на МОН, со цел запознавање со директорите, раководните структури на училиштата и Државниот просветен инспекторат со Програмата за мировно образование, беше спроведена обука. На обуката беа запознаени со методологијата и темите значајни за мировно образование и се дискутираше за отвореноста и соработката со училиштата и институциите.
   Темите кои беа опфатена на оваа обука беа ненасилна комуникација, насилство и ненасилство, конфликти, мировно образование во училиштата и др.
4. Обука „Мировно образование и градње на мир“ за претставници на МОН
   Обука за Мировно образование за градење на мирот за претставниците на МОН и државниот инспекторат за образование се одржа од 22 до 24 ноември во Струга. На оваа обука, претставниците на МОН, БРО И ДПИ рефлектираа дека обуките организирани од програмата за мировно образование се многу добредојдени за нив и се поставени како приоритет кога ќе дојде покана за обука. Ова затоа што тие имаат придобивки од методите и темите работени во програмата за мировно образование. Теми опфатени во текот на оваа обука беа вредностите, донесувањето одлуки, улогите и моќта во општеството за градење на мирот.
5. Обука „Застапување за детски права“
   Обука „Застапување и лобирање за детски права“ беше спроведена за групата наставници кои се приклучија на програмата за мировно образование во јануари оваа година.

   Теми опфатени во оваа обука беа тимска работа, предрасуди, дискриминација, запознавање со правата на децата и принципите на правата на децата, застапување за правата на децата, мировно образование и др.

Еден психолог од средно училиште и една професорка ги зедоа своите деца со себе, едното со специфична диета и другата самохрана мајка, што им овозможува да учествуват на обука. Присуството на децата даде дополнителна вредност на солидарност и грижа за другите во групата и обука и воспитана дискусија за поширока родова поддршка.

6. Работна средба со претставници на МОН
   Од 26 до 27 декември 2019 година се одржа работна средба со претставници на МОН во хотел Гардења, Велес како идеја на МОН со цел да се оцени претходната година од пилот-програмата во училиштата, кои се научени лекции и кои се следните чекори што треба програмата за мировно образование да ги следи за тековниот период.
   Образование за мир во училишните наставни програми, можноста и капацитетот на програмата за мировно образование да вклучи повеќе училишта во програмата и како тие ќе влијаат врз програмата за мировното образование.
   За да се вклучат повеќе училишта, но и како проширување на формалната соработка помеѓу МОН и Меѓаши, претставниците на МОН предложија да се организираат МО обуки за професионални служби на средните училишта, така што по обуките ќе можат да организираат работилници со наставници и ученици во училиштата.

7. Училишни активности
   Во периодот за кој се пишува извештајот, училиштата продолжија со спроведување активности и работилници со ученици. Поради истражувањето што се спроведува во средните училишта вклучени во програмата, тимот на мировно образование ги посети сите средни училишта. Средбата со наставниците и раководните структури на училиштата придонесува за зајакнување на меѓусебната соработка.

   СУ „Никола Карев“ Скопје
   Учениците вклучени во „Групата за медијација“ продолжија со активности на оваа тема. Во извештајниот период се одржа работилница на тема Практикување врсничка медијација во училиштето. Тие покажаа интерес за темата и сакаат да продолжат со обука за да посредуваат во училиштето. Водени од обучувач за медијација, учениците заедно со училишниот психолог работеа на теми мировниот активизам, помагање и медијација. За време на работилницата се разговараше за теми што ги засегаат студентите како кога е вистинскиот момент за решавање на конфликтот и слични прашања поврзани со медијаторството.
   Теми опфатени на оваа работилница беа меѓусебно медијација, актери за медијација преку врсници, мировен активизам, чекори во медијација итн.

   СУ „28 Ноември“ Дебар
   Беше спроведена работилница на тема Толеранција со учениците од ова средно училиште, со помош на наставници вклучени во мировно образивание. Учениците покажаа интерес за темата, а потоа беше направено онлајн истражување- анкета за темата од страна на наставникот.
   Работилница за презентација за правата на децата беше спроведена со учениците од прва година. За време на презентацијата на правата на децата, беше дискутирано за

правата на децата, колку добро се информирани за нивните права. Учениците пополнија прашалник и избраа еден од индикаторите за опишување.

Целта на оваа активност беше да се промовираат правата на учениците на визуелен начин преку текст, цртежи, слики, видеа, дискусија и како и да се поттикнат учениците да размислуваат и да ги анализираат своите права.

По повод Меѓународниот ден на човековите права, учениците спроведоа активности за детски права и човекови права, фацилитирано од наставниците вклучени во мировно образование. За ова работилница беа цртани слики и пораки, беа направени и видеа, сето ова следеше со дискусија на темата, кои се човековите права, дали се почитуваат, што треба да се направи за да се почитуваат правата на сите луѓе, итн.

Учениците од ова средно училиште заедно со наставниците вклучени во мировно образование секоја година спроведуваат хуманитарна активност за поддршка на ученици од своето училиште кои имаат помал приход во семејствата, со цел да им се покрие некоја нивна потребата. Меѓу другото, беа подготвени колачи и други работи од учениците и наставниците, и новогодишните честитки што ги донираа Меѓаши беа продадени за симболични суми, а парите собрани од оваа активност се донирани на двајца ученици.

СУ „Кочо Рацин“ Велес
За време на класните часови во декември, беше спроведена презентација и дискусија за Универзалната декларација за правата на децата. По презентацијата, учениците дискутираа за прашањата што ги засегаат и им изгледаат важни.

СУ „Гостивар“ и СЕУ „Гостивар“ Гостивар
Учениците од СЕОУ Гостивар заедно со наставниците вклучени во програмата за мировно образование спроведоа активност „Оставете ги тастатурите и ајде да пешачиме“. Целта на оваа активност е да се подобри здравиот живот, да се покаже интерес, грижа и да се дискутира за околината и важноста на грижата за чиста животна средина.

Учениците од СУ Гостивар со помош на наставници вклучени во мировно образование 10-ти декември Меѓународен ден на човековите права го обележаа со форум театар на оваа тема. Како што велат наставниците, ова е добра прилика да се поттикнат учениците да размислуваат и да ги изразат своите права, обврски, односи и комуникација. На форумот театар учествуваа поголем број ученици како публика и ученици кои играа улога.

Честитки донирани од Меѓаши и дополнително дизајнирани и печатени честитки од учениците фацилитирано од класните раководители и училишниот психологот, беа продадени во хуманитарни цели. Во текот на процесот се дискутираше за емпатијата, солидарноста и другите прашања поврзани со темата.

СУ „Зеф Љуш Марку“ Скопје

Како резултат на земјотресот што ја зафати Албанија на 26 ноември, многу луѓе останаа без засолниште и основните потреби за живот, како вода, храна, ќебиња, облека и др. Учениците од ова средно училиште заедно со своите наставници собраа вода, храна, ќебиња и облека и испрати во Драч. На овој начин уште еднаш ја покажаа емпатијата и хуманоста кај учениците и наставниците од ова средно училиште.

СУ „Ванчо Прке“ Виница

Сиромаштијата е мешавина на социјални околности. Секој може да се најде во таква ситуација, и токму заради ова, на сите треба да им се помогне, а секој што е во можност треба да помогне. Во врска со ова, на 17 октомври - Светски ден против сиромаштијата, во средното училиште Ванчо Прке Виница беше одбележан со низа активности (работилници, документарна презентација, хуманитарна акција) под мотото: „На секого му треба она што вас ви треба“ овие активности беа успешни, будејќи ја хуманоста на учениците и наставниот кадар кои несебично ги поддржуваа овие активности.Во училишниот хол беше поставен штанд за донации, секој можеше да донира храна, која по активноста им ја поделија учениците на кои има потреба од тоа.

Покажувањето и дискутирањето за документарецот „Хонолид“ за време на Мировната средба во Берово ги охрабри наставниците да го споделат искуството со учениците, кои после тоа покажаа интерес да го гледаат документарецот. Голем број на ученици го гледаа и по документарниот филм разговараа за пораките што филмот ги испраќа и кои се научени лекции од истиот.

По повод новогодишните празници, тимот на Мировно образование, во соработка со Младинската организација, организираше новогодишен хуманитарен базар, беа пуштени во продажба ракотворби, честитки донирани од Меѓаши и храна спремена од учениците фацилитирано од наставниците, (Божиќни слатки, новогодишни украси и десерти). Програмата беше збогатена со музика, лотарија за нова година, итн. Парите собрани за време на овој настан се користени во хуманитарни цели, т.е. за да им се помогне и поддршка на дел од учениците во училиштето.

СУ „Димитрија Чуповски“

Работилница на тема за решавање на конфликти и булинг беше спроведена со учениците фацилитирано од наставниците вклучени во мировно образование. Работата во групи, бура од мисли и дискутирање за толеранција, дискриминација, предрасуди, конфликт и малтретирање им помогнаа на учениците да побараат и дискутираат за теми што ги засегаат и сакаат да имаат повеќе информации за истото.

По повод Меѓународниот ден на човековите права, беше спроведена работилница, фацилитирана од наставници вклучени во мировно образование. Учениците на хартија имаа

можност да ги наведат сите човекови права што можат да ги наведат, а потоа да читаат и дискутираат за секое.

8. Истражување за меѓуетнички односи и булинг во училиштата

Истражувањето што ќе се спроведе во девет училишта вклучени во програмата за мировно образование за ученици и наставници и беше планирано со идеја да обезбеди увид во насилството во училиштата и меѓуетничките односи. Резултатите, меѓу другото, ќе се користат при креирање активности што ќе ја подобрат состојбата во училиштата во однос на овие проблеми.

Истражување, вклучувајќи ученици и наставници кои се вклучени во програмата за мировно образование и одреден број на ученици и наставници кои не се вклучени во програмата за мировно образование, за да се спореди можната разлика помеѓу овие групи. Првата фаза (теренско работење / истражување на панели) беше завршена во декември, а во следниот период ќе се продолжи со делот на обработка на податоци, објавување и промовирање на истражувањето.

1. Соработка со институции

Министерство за образование и наука (МОН)

Во периодот на известување, соработката со МОН беше континуирана и интензивна, редовно се одвиваа состаноци и комуникации преку емаил и телефонски разговори, претставници на МОН беа учесници на повеќе собири организирани од ПЕП.

Меморандумот за соработка конечно беше потпишан на 10.10.2019 година по многу одлагања. Со овој меморандум се издадоа сертификати за „вештини и компетенции за спроведување на мировно образование во учебната 2018/19 година“ за наставници кои се активно вклучени во ПЕП, потпишани од претставник од МОН и ПДАС Меѓаши. Овие сертификати беа примени со многу позитивна реакција, особено затоа што тие беа официјално предавање на наставниците на Првата мировна средба од заменик министерот за образование и наука, државен просветен инспектор од МОН и претседателот на Меѓаши. На Првата мировна средба, исто така, беше поставена пленарна сесија прашања -одговри со заменик министерот за образование и наука и оваа сесија се смета за ретка можност за директна комуникација меѓу наставниците и претставниците на МОН.

2. Меѓаши тим билдинг

Тимот на мировно образование организираше тим билдинг / ритрит за тимот на Меѓаши од 20 до 22.12.2019 година во хотел Изгрев, Струга, со помош на надворешен тренер. Главната методологија на работа беше Points of You алатки за поставување лични и тимски цели.

Беа искористени две различни алатки за методологијата „Points of You“: trening игра и пункција. Методологијата зависи од личното искуство и перцепцијата на секој учесник, користејќи фотографии, музика и приказни што овозможуваат длабока промена во гледна точка на нечиј поглед. Преку Points of you алатките беа разработени темите за градење на капацитетите на тимот, како и личен развој, додека ефективната комуникација преку алатките за проценка заснована на SDI - Силите. Тоа е пристап кој им помага на луѓето да разберат како нашите мотиви ги водат нашите однесувања и однесувања на другите што помага да се развијат посилни врски и поефикасни тимови.

SDI тест беше спроведен на целиот тим пред обуката и за време на обуката се дискутираше за резултатите на секој член на тимот. За методологијата и значењето на SDI, прочитајте на линкот подолу https://corestrengths.com/sdi-2-0-methodology-and-meaning-2/

Тимското градење придонесе за благосостојба на вработените, синергија во тимот на Меѓаши и јакнење на институционалните и индивидуалните кадровски капацитети за мировна работа. Можноста за носење на децата за време на обуката им даде дополнителна мотивација на родителите и на целиот тим.

3. Родова работилница

На 5-6 ноември 2019 година се одржа родова работилница, организирана од регионалниот кординатор на Курве Вустров. На состанокот присуствуваа членови на Мировно образование Меѓаши и партнерска организација од Тетово, Прилеп, Гњилан, Сараево и Зеница. Оваа работилница беше следна активност како продолжение на родовата обука и беше фокусирана на работење  за родовите прашања во нашата организација и можностите за создавање по родово чувствително работно место.

4. Волонтерство

3 члена на тимот на мировно образование ја фацилитираа обуката за волонтерите. Помеѓу 3 и 5 декември 2019 година, група од 9 учесници, студенти на семејни студии, психологија и социологија од универзитетите во Скопје и Свети Николе, беше составена од тридневна работилница за волонтери. Во текот на овие три дена, учениците беа обучени за: 1. Цели и придобивки од волонтирањето; 2. Социјална правда; 3. Права на децата во процесот на донесување одлуки и застапување за правата на децата и 4. СОС-олеснителна работа и вештини. Од овие 9 обучени студенти, 5 продолжија да волонтираат.

## 3. ПРОГРАМА "ЈАКНЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА ДЕЦАТА ЗА ПРЕВЕНЦИЈА ОД НАСИЛСТВОТО"

Од 01.10.2016 година, Првата детска амбасада во светот Меѓаши започна со реализација на проектот „Зајакнување на детските капацитети за превенција од

насилство” кој што се спроведува од страна на партнерство помеѓу граѓански организации од неколку држави од регионот и тоа: Social Activities and Practices Institute - SAPI од Бугарија како носител на проектот во соработка со партнерите Првата детска амбасада во светот Меѓаши од Република Македонија; Association for Child and Family Empowerment "Ave Copiii" од Молдавија; Social Services Agency од Летонија; Federatia Organizatiilor Neguvernamentale pentru Copil од Романија; Network of Organizations for Children of Serbia – MODS од Србија; The Association for a better world од Словенија и Tirana Legal aid society (TLAS) од Албанија.

Проектот се имплементира во периодот од октомври 2016 година до октомври 2021 година, а е финансиран од страна на Оак Фондацијата (Oak Foundation) за целото времетраење на проектот.

Самиот проект има неколку цели кои се очекува во текот на неговото пет годишно спроведување да ги постигнеме:

1. Изградување на транснационални и локални мрежи за воведување на системски пристап за спречување на злоставување и заштита на децата од сите форми на насилство, вклучувајќи и сексуална злоупотреба. Мрежите подразбираат вклучување не само на професионални системи на заштита, туку и универзални услуги како образование и здравство, а се очекува и вклученост на децата и родителите. Креирањето на функционални мрежи се очекува да донесе до одржливи промени на ставовите и долгорочна посветеност на сите учесници.

2. Градење на капацитетот на возрасните - професионалците и родителите од примарната средина на детето, во насока на разбирање и почитување на нивните потреби, почитување на нивните гледишта и заштита нивните права врз база на резилиентната теорија.

3. Подобрување на капацитетот на професионалците и родителите за обезбедување на сигурна и безбедна семејна и училишна средина, при што фокусот ќе биде ставен на нивните способности и потенцијали.

4. Помош и поддршка на адолесцентите да ги идентификуваат своите компетенции при превенција на насилство.

## 4. ИМПЛЕМЕНТИРАЊЕ НА КОНВЕНЦИЈАТА НА ДЕТСКИТЕ ПРАВА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Проектот „Имплементација на Конвенцијата за правата на детето во Македонија“ беше спроведуван од страна на Коалицијата на младински организации СЕГА во партнерство со Првата детската амбасада во светот МЕЃАШИ и Младинскиот Образовен Форум. Детската амбасада Меѓаши заврши со активностите во рамките на

овој проект во јуни 2019. Целта да се подобри учеството на децата и младите во процесите на донесување на одлуки во училишниот и општествениот живот во Македонија сметаме дека е делумно постигната. Проектот се базира на Препораките на Комитетот за правата на детето при Обединетите Нации (донесени во 2010 година) како и на претходните искуства и согледувања од терен.

Во рамките на овој проект, Детската амбасада Меѓаши како партнер има спроведено неколку активности кои се однесуваат на следење на работата на Собранието на РМ во во поглед на застапени теми поврзани со детски права во работата на Собранието и неколку ресорски Комисии.

## 5. ЦИВИКА МОБИЛИТАС 2019 – ИНСТИТУЦИОНАЛЕН ГРАНТ

Во Јули 2019 година започна спроведувањето на новиот грант од ЦИВИКА мобилитас. За разлика од Претходниот грант кој беше фокусиран кон внатрешно уредување, ревизија и систематизација на работењето на организацијата палнот на активности за новиот грант е фокусриан кон надвор посебно во делот на соработка со институции, организации и други општествени чинители.

## 6. Креирање и имплементирање на развојна внатрешна организациска структура и оптимизација на интерните процеси и процедури за успешно работење“

Првата детска амбасада во светот Меѓаши во рамките на проектот „Керирање и импелементирање на развојна внатрешна организациска структура и оптиматизација на интерните процеси и процедури за успешно работење“ направи ревизија на внатрешното работење и воведе многу нови начини на работење, процеси и процедури. Воспоставувивме внатрешна развојна структура преку која се дефинирани не само позициите и поставеноста на вработените во организацијата туку се утврдени и комуникациските канали, утврдени се нивоата во организацијата, систематизирана е секоја позиција преку описи на работни позции и систематизација на плати, надополнета со евалуација на вработените со цел утврдување на учинокот и фокус кон кариерен развој. Евалуацијата дополнително е поткрепена со Протокол кој ги утврдува правилата за спроведување, како и визуелен приказ на релации за спроведување на евалуацијата преку структурни релации  - графички приказ. Евалуацијата вклучува повеќе нивоа на проценка на успешноста на вработените преку различни прашалници како што е самоевалуација со дел за кариерен развој, евалуација на колега која се спроведува од најмалку двајца колеги, личен генерален план за спроведување на задачите како и табела за евиденција на учинокот. Утврдено е спроведување на евалуацијата двапати во годината во месеците Јануари и Јули со што првата евалуација е завршена за времетраење на проектот додека втората е во тек во периодот по завршување односно за време на известувањето и истата е во тек.

Благодарение на спроведниот проект ПДАС Меѓаши има јасна слика на внатрешната структура, позиции, плати, комуникациски канали, можности за напредување на вработените, критериуми за работни позиции, критериуми за награди и казни, деловници за работа на управни тела и оперативна канцеларија како и други документи за поткрепа на веќе спомenatите.

Со наведените нови пракси, системи и начини на работа се придонесе кон подобрени внатрешни структури на управување на организацијата согласно принципите на добро владеење како и кон поголема траспарентност и отчетност во работењето.

Како продукти од реализираниот проект би ги навеле и:

-Правилник за работни односи

-Интерен правилник за набавки

-Правилник за распределба на средства од донтаорски активности

-План за развој

-Ревидиран Стратегиски план 2019-2020

-Организациска систематизација на плати

-Протокол за организациска комуникација

-Протокол за спроведување евалуација

-Развојна Систематизација со дефинирани позиции и нивоа

-Евалуација

Спроведувањето на проетот заврши во Јуни 2019 година.

## 7. ПРОЕКТ „ ДА ГИ ЗЕМЕМЕ ПРАВАТА ВО НАШИТЕ РАЦЕ!“

Детската амбасада Меѓаши од август 2017 година до декември 2021 година го спроведува проектот „Да ги земеме правата во нашите раце!“ кој е финансиски поддржан од Save the children – канцеларија во Косово.

**Активности кои беа спроведени во 2019 година :**

**Превенција од насилство**

Во текот на 2019 година со цел да се зголеми свесноста за меѓуврничкото насилство во три училишта: ОУ „Стив Наумов“- Скопје, ОУ „Славчо Стоименски“- Виница и ОУ „Саид Најдени“-Дебар беа одржани форум театарски престави на тема: „Меѓуврсничко

насилство“.Во текот на оваа активност, децата имаа можност директно да учествуваат со пишувањето на сценарија за претставата и на тој начин се поттикна детското учество како важен принцип во согласност со Конвенцијата за правата на детето.

**Постапување во итни/вондрени ситуации ( ЕПП тренинг)**

Заштитата на децата како и на професионалците кои работат со децата, вклучува повеќе апекти меѓу кои соодветно постапување во вондредни/итни ситуации. За да се постигне подготвеност за соодвено планирање и постапува во итни ситуации одржавме состаноци и советувања наменети за претставници од училиштата кои се вклучени во рамките на овој проект, локалната самоуправа (Општина Виница и општина Дебар), спроведени од страна на експерти од оваа област така што учесниците имаа можност да добијат практично знаење за подготовка на ЕПП план, да се обучат како да постапуваат при итни ситуации кога децата директно се изложени на ризик и како да се заштитат и да делуваат превентивно. Беше договорено менторство со вклучените институции со цел да се заврши и заокружи планот. Како резултат на оваа активност поготвени се три ЕПП планови.

**Работилници и обуки за детско учество**

Овие работилници всушност претставуваат продолжување на обуките на децата за детски права. Во текот на 2019 година беа одржани вкупно 2 дводневни работилници и 3 еднодневни, наменети за учениците во трите вклучени училишта кои веќе биле дел од основните обуките одржани во 2017/18 година за детски права.

**Мониторинг и поддршка на волонтери кои работат на СОС телефонската линија 02 2465 316**

Мониторингот е особено важен елемент во поддршката на сите оние кои се директно или индиректно вклучени во работата на СОС телефонот. Неговата цел е да го адаптира, провери и редизајнира механизмот за следење на случаите на пријавување на СОС телефонот за деца и млади.

**Принципи кои се важни за спроведување на активнотите**

Значајно е да се наведеде дека во текот на 2019 година како и во рамките на целокупната програма особено ни се важни следниве принципи:

- Не дискриминација и инклузија на деца кои имаа различни образовни и социјални потреби
- Родова еднаквост
- Здрава животна средина

При организирањето на различни активности бараме да бидат вклучени деца кои доаѓаат од различна етничка, образовна и социјална средина. Особено е важно да бидат вклучени деца кои потекнуваат од семејства во социјален ризик, а се вклучени

во редовен образовен процес. Поддршката на овие деца е важна во процесот на инклузија и ресоцијализација. Воедно во сите активности се поттикнуваше процесот на еднаква родова застапеност. Земјаќи го предвид загадувањето и генерално климатските промени сакаме да ги потикнеме децата и сите учесниците на работилниците во рамките на оваа програма да размислуваат генерално и да го променат своето гледиште преку лични примери во насока на заштита на животната средина.

## 8. АКТИВНОСТИ ЗА ПРИБИРАЊЕ СРЕДСТВА

### Новогодишни честитки

Продажбата на новогодишни честитки за 2019 година ги следеше практиките од претходните години при што немаше промени во начинот на спроведување на активноста како ни во понудата. Компаниите, институциите, организациите како и граѓаните можеа да одберат од 5те нови новогодишни мотиви или дополнителните 5 лански мотиви по иста цена како и претходната година. Состојбата остана непроменета и во однос на остварени приходи, продадени количини како и број на поддржувачи во однос на претходната година.

### Каси за донации

Во текот на 2019 година се бележи значајно зголемување на донациите од касите како и значајно зголемување во бројот на променети каси за донации. Во однос на претходната година придонесите во донации се зголемени за околу 25% но и променети биле значително поголем број на каси.